# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2026

*Сабота, 4 април 2026*

## ТРИ РАБОТИ КОИ СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НА ЗАГУБЕНИТЕ

**Лука 15,1-10.**

„Сите цариници и грешници се приближуваа кон Него, за да го слушнат. А фарисеите и книжниците пак негодуваа, велејки: Овој прима грешници и јаде со нив. Тогаш им ја кажа оваа парабола: Кој од вас, ако има сто овци, и загуби една од нив, не ќе ги остави деведесет и деветте во пустината и не ќе отиде по загубената, додека не ја најде? А кога ќе ја најде ќе ја крене, радувајки се, на своите рамена, и кога ќе дојде дома ќе ги повика пријателите и соседите и ќе им рече: Радувајте се со мене, зашто ја најдов својата изгубена овца! Ви велам: Така ќе биде и на небото, поголема радост за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници, кои немаат потреба од каење. Или која жена, ако има десет драхми и изгуби една драхма, нема да запали светилка, и не ја мете куќата, и не ја бара внимателно, додеке не ја најде ? А кога ќе ја најде, ќе ги повика пријателките и сосетките и ќе им рече: Радувајте се со мене, зашто ја најдов драхмата што ја изгубив! Така ви велам се радуваат Божјите ангели, заради еден грешник, кој се кае.“

**Илустрација**: Слушнав за едно шестгодишно момче кое се мачело да ја слушне прилично долгата проповед. По богослужението, момчето поставило прашање кое порано или подоцна го поставуваат повеќето деца во црквата. „Тато“, рекло детето, „Што прави проповедникот во текот на остатокот од седмицата? Таткото му одговорил: „ Сине, па тој е многу зафатен.Се грижи за црковните работи, ги посетува болните, ја проучува Библијата, а потребно му е време и да се одмори. Гледаш, проповедањето во јавност не е лесно.“ Малото момче размислило за тоа и рекло: „Па ни слушањето не е лесно!“

Вистина е дека слушањето не е секогаш лесно, особено кога пораките се тешки. Пораката која денес сакам да ја изнесам може да биде тешка, бидејќи ќе зборувам за христијанската одговорност на барање на загубените. Срцето ми се вознемири додека го проучував овој текст, бидејќи што повеќе го проучував толку повеќе сфаќав дека ние

како црква не реагираме во поглед на загубените онака како што нè учел Исус. Поуката можеби ќе биде тешка, но тоа е порака од Библијата и како таква нема намера да нè осуди, туку да нè промени, а понекогаш е потребно да се чувствуваме непријатно.

Најнапред сакам да ви дадам општ преглед на овие параболи.

Во овие две параболи загубено е нешто вредно. Работите кои се загубени, овцата или парите, имаат парична вредност. Никој, вклучувајќи ги и верските водачи кои ги ценеле материјалните вредности, не би ја занемарил таквата загуба, туку би вложил труд тоа да го пронајде и да се радува кога ќе го најде.

Ако ова важи за предметите кои се загубени, зар не би требало да биде така и за луѓето кои се духовно загубени? Изразот „загубен“ се однесува на оние кои не се христијани, кои се надвор од Божјето домаќинство, но за кои Бог копнее да се вратат дома. Тоа можете да го видите во параболата за загубениот син, кога таткото вели за синот кој се покајал и се вратил дома дека бил загубен и сега е пронајден (31 стих). Јасно е дека овие две приказни ги илустрираат оние кои се духовно загубени.

Зар не би требало кон загубените луѓе да реагираме далеку повеќе отколку што реагираме кон загубените работи? Зар не би требало да вложиме многу поголем напор и истрајност во потрагата по нив? Зар не би требало да бидеме полни со радост кога тие ќе се пронајдат? Верувам дека основната поука на оваа парабола ги потсетува христијаните како треба да реагираме кон загубените. Исто така, овие две параболи се, исто така, и илустрација како реагира Бог и како ги бара загубените. Дури и во тој случај пораката во суштина останува иста, зашто ако Бог реагира на одреден начин кон оние кои се загубени, тогаш е очевидно дека христијаните треба да го следат Неговиот пример.

Би сакал да ги пронајдеме овие 10 стиха, стих по стих, и ќе ви изнесам три работи кои се бараат од нас за да ги пронајдеме загубените. Прво што е потребно се наоѓа во опкружението во кое се дадени параболите, а другите две работи се наоѓаат во самите параболи.

„И се приближија кон Него сите цариници и грешници да Го слушнат. И викаа на Него фарисеите и книжевниците велејќи: Овој ги прима грешниците и јаде со нив.“

**1. Прва работа која ни е потребна за барање на загубените е сочувството**

Околу Исуса се собрале „цариниците и грешниците.“ Тоа биле загубени луѓе кои не бегале од Исус, туку трчале кон Него. Тие не Го одбегнувале, занемарувале, ниту биле непријателски расположени кон Него. Првиот стих вели дека се собрале околу Него да Го слушаат. Зошто грешниците толку сакале да Го слушаат Исуса? Тоа сигурно не било затоа што Исус имал лесна порака која допирала до ушите на луѓето. Тоа сигурно не било поради тоа што Исус создавал компромиси со гревот и зборувал дека сѐ што прават е прифатливо. Тие не се собирале околу Исуса затоа што Тој прикажувал сензационални претстави, покажувајќи им знаци и чудеса. Во овој момент евангелието според Лука се насочува на Исусовото поучување, а чудата едвај и се спомнуваат.

Зошто „загубените“ Го барале Исуса, а не бегале од Него? Верувам дека одговор е јасен: Неговото сочувство. Исус сакал и ја покажувал љубовта со сочувство, а не со став на осудување. Библијата вели дека во 2. стих Исус ги примал грешниците и јадел со нив. Една од дефинициите за грчкиот збор која се преведува како „прима“ значи „да се прима како пријател.“ Таков бил Исусовиот став кон оние кои биле загубени во гревот, Исус ги примал; Тој бил сочувствителен и ги прифаќал без оглед на нивните гревови и мани. Тој бил пријател, а не непријател. Исус имал таков став кон оние кои биле загубени и затоа тие биле привлечени кон Него. Дали ние го имаме истиот тој став? Ако ние, како поединци и црква, сакаме да наоѓаме луѓе, ќе мораме да ја покажеме и да ја имаме истата љубов и прифаќање.

**Илустрација:** Кога набљудувате некоја сообраќајна несреќа, на сцената секогаш има три групи на луѓе, а секоја различно реагира кон оние кои се вклучени во несреќата. Првата група се набљудувачите. Тие се љубопитни и гледаат што се случило, но не се активно вклучени. Втората група се полицајците, чија одговорност е да ги истражуваат несреќите, да одредат кој е виновен и да упатат соодветни предупредувања и казни. Третата група се лекарите. Оние на кои им се случила несреќата ги очекуваат лекарите со копнеж. Лекарите не се грижат кој е виновен за несреќата ниту се занимаваат со поучување за лошите навики на возење. Тие им помагаат на оние кои се повредени. Тие ги завиваат раните, ги ослободуваат луѓето кои се заглаве-

ни во возилото и упатуваат зборови на охрабрување. Три групи - една од нив не е вклучена, втората ја одредува вината и ја спроведува казната, а третата им помага на повредените. На која група ѝ припаѓате вие?

Кога се работи за спасување на загубените и повредените, ќе се најдеме во една од тие три групи. Или ќе бидеме невклучени и ќе ги пуштиме другите да ја извршуваат работата, или ќе ги осудуваме луѓето поради нивното неразумно однесување, зборувајќи, „Сами сте виновни што ви се случило. Ако одевте во црква и се однесувавте како што треба, тоа никогаш не би ви се случило!" Или ќе се насочиме кон тоа да им помагаме на оние кои се загубени и повредени. Се надевам дека ќе се најдеме во третата група, меѓу оние кои покажуваат сочувство!

За жал, изгледа дека поголемиот дел од верниците во црквата се однесуваат кон загубените како полицајци, а не како лекари. Тоа го правеле фарисеите и цариниците во Исусово време. Тие се повеќе заинтересирани за осудување и критикување на грешниците отколку за покажување сочувство. Истиот став многу често се гледа во современите конзервативни цркви. Ние со право сме вознемирени поради моменталната состојба на моралните вредности, абортуси, хомосексуализам, неморалните забави во денешното општество и сл. Во ред е, и треба да бидеме загрижени поради тоа, но мораме да внимаваме нашата грижа да не се претвори во осудување и отфрлање на загубените. Загубените никогаш нема да дојдат да ги слушнат оние кои ги осудуваат ниту ќе нè слушаат ако имаме таков став.

Прва работа која ни е потребна за барање на загубените е сочувството.

Постојат неколку поуки во следниве две параболи. Заедно со илустрацијата за радосниот став кој требало да го имаат фарисеите поради загубените кои доаѓале кај Исуса, исто така ни се укажува уште на две работи кои се потребни за пронаоѓање на загубените.

**2. Втора работа која ни е потребна за барањето на загубените е трудот**

„Но Исус им ја кажа оваа парабола и рече: 'Кој од вас, ако има сто овци, и ако загуби само една од нив, нема да ги остави останатите деведесет и девет во пустината и нема да оди да ја бара загубената, сè

додека не ја најде? А откако ќе ја најде, ќе ја крене на рамо радосен'."

**Илустрација:** Пред повеќе години, во едно семејство со четири деца се случила една застрашувачка работа. Едно утро кога таткото и мајката станале, забележале дека нивната најмлада ќерка Никол не е во својот кревет. На почетокот не биле загрижени бидејќи помислиле дека можеби отишла во нечиј друг кревет. Набргу сфатиле дека ја нема во ниту еден кревет и почнало да ги обзема паника. Срцата почнале бргу да удираат и го извикнувале името на девојчето најгласно што можеле, но одговор немало. Во тој момент, љубовта кон детето направила да го вложат секој напор за да го пронајдат, вклучувајќи го трчањето од собата и пребарувањето на секој агол. Никој не рекол: „Па, загубивме едно дете, но имаме уште три." Никако, тоа едно дете било важно! Тоа било доволно важно за да се откажат од сè што имаат само за да го пронајдат. Конечно, девојчето го пронашле под нејзиниот кревет како мирно спие, несвесна за нивната потрага.

Еве поука - бил потребен труд за да се пронајде девојчето, и потребен е ист таков труд за да ги пронајдеме загубените. Во овие две параболи Исус го нагласил трудот кој одел во чекор со наоѓање на загубените. Во параболата за загубената овца Исус рекол дека пастирот ги оставил деведесет и деветте во пустината и ја барал загубената додека не ја нашол. Во параболата за загубениот денар, жената запалила ламба, ја исчистила целата куќа и го барала загубениот денар, како што пишува во 8. стих.

Во двата случаи морало да се вложи голем труд за да се пронајде она што било загубено. Пастирот не чекал загубената овца да се врати назад, ниту жената чекала загубениот денар сам да се појави. Во нашиот христијански живот и во црквата некогаш како да работиме спротивно. Склони сме да чекаме загубените да дојдат кај нас. Повеќе сме пасивни отколку активни. Чекаме луѓето да дојдат кон Христа наместо да вложиме труд и да ги доведеме кај Него! Сите некогаш сме виновни за тоа. Сакаме луѓето да бидат спасени, но не сме отишле да ги бараме со голем труд. Ова мора да се промени ако сакаме да ги бараме загубените како што правел Исус.

Како практично да го примениме овој принцип? Што е потребно да направиме за да ги следиме Исусовите упатства за вложувањето труд во пронаоѓање на загубените? Постојат неколку работи кои мо-

жеме да ги направиме. Најнапред, значаен дел од нашите молитви треба да биде упатен за загубените. Второ, секој наш труд треба да биде насочен кон пронаоѓање на загубените. Секако дека црквата мора да внимава и да одреди еден дел од своите служби за учеништво на оние кои веќе се христијани. Сепак, тоа не е изговор да не ги бараме загубените како што нè упатил Исус. Трето, вложувањето на секој труд да ги најдеме загубените значи дека мораме да бидеме подготвени да одвоиме значаен дел од личниот и црквениот буџет за мисионската работа. Сето тоа се практични работи кои можеме да ги направиме за да го примениме принципот што го изнел Исус за пронаоѓање на загубените. Иако е важно црквата заеднички да го презема трудот во барањето на загубените, најважно е ние, вие и јас, како поединци да дадеме сè од себе за да им зборуваме за Исус на сите со кои ќе дојдеме во контакт.

Досега изнесов две работи кои се неопходни за да ги пронајдеме загубените како што правел Исус.

1. Првата работа која ни е потребна за барање на загубените е сочувството.

2. Втората работа која ни е потребна за барање на загубените е трудот.

Постои и трета работа која ни е неопходна за пронаоѓање на загубените и таа исто така се наоѓа во овие параболи.

**3. Трета работа која ни е потребна за барање на загубените е истрајноста**

„Кој од вас, ако има сто овци и загуби една од нив, не ќе ги остави деведесет и деветте во пустината и не ќе отиде по загубената, додека не ја најде? Или која жена, ако има десет денари и изгуби еден денар, нема да запали светилка и не ја мете куќата и не ја бара внимателно, додека не ја најде?“ (Лука 15,4.8.)

Во двата случаи Исус забележува дека личноста продолжила да го бара загубеното сè додека не го пронашла. Со други зборови, Исус укажува на истрајноста како квалитет кој е потребен за успех. Конечно, загубената овца во пространите полиња и планини, и загубениот денар на валканиот под во еврејскиот дом, не можеле да бидат брзо и лесно пронајдени.

Исто така е и со барањето на загубените. Не е лесно да се допре до

срцата на луѓето, за тие да го примат Исуса. Обично не се случува нашиот прв труд да доживее успех. Понекогаш се потребни години и години истрајност, но не треба да бидеме обесхрабрени и да се откажеме. Ако овцата или денарот биле доволно вредни истрајно да се бараат, тогаш луѓето кои се духовно загубени се премногу вредни за да се откажеме од нив.

**Илустрација:** По многу успешниот и возбудлив настап во Карнеџ хол во Њујорк, познатиот класичен виолончелист Џо-Џо Ма отишол дома, спиел и се пробуди следниот ден исцрпен и забрзан. Повикал такси да го однесе во хотел од другата страна на Менхетен и го ставил своето виолончело - рачно изработено во Виена 1733. година и вредно околу 2,5 милиони долари во такси. Кога стигнал до оваа цел, му платил на возачот, но заборавил да го земе своето виолончело.

Кога таксистот отишол, Ма сфатил што направил. Почнал очајно да го бара загубениот инструмент. За среќа, имал сметка со идентификацискиот број на таксистот. Откако цел ден го барал такси-автомобилот, конечно го пронашол во една гаража во Квинс, а драгоценото виолончело и понатаму било во багажникот. Но не можел да ја задржи насмевката додека овој настан им го прераскажувал на новинарите.

**Еве ја поуката:** Џо-Џо Ма не се откажал туку истрајал, бидејќи она што го загубил било премногу вредно за да се откаже од него. Духовно загубените се исто така премногу вредни за да се откажеме од нивното барање, дури иако нашиот труд брзо не се исплаќа.

**Третата работа која ни е потребна за барање на загубените е истрајноста.** Лука 15,5.9.10: „А кога ја најде, ја дигна на своето рамо, радувајќи се. И доаѓајќи во својот дом, ги повика пријателите и соседите и им рече: 'Радувајте се со мене, зашто ја најдов загубената овца. Ви велам дека така ќе биде поголема радоста на небото за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници на кои не им треба покајание.“ „А кога ја најде, ги повика пријателките и сосетките и им рече: Радувајте се со мене, зашто го најдов денарот што го загубив! Така, ви велам, се радуваат Божјите ангели заради еден грешник кој се кае.“

**Заклучок:** Верските водачи во тоа време биле рамнодушни кон загубените и дури непријателски расположени кон оние кои доаѓале кај

Исуса. Исус ги употребил овие две параболи за да илустрира колку нивната реакција е погрешна, особено кога ќе се спореди со начинот на кој барале нешто што имало многу помала вредност. Исус истакнал дека биле радосни кога ја пронашле загубената овца или загубениот денар, според тоа, требало да бидат среќни, а не лути што загубените доаѓаат кај Исус.

Потоа Исус истакнал дека загубените му се најважни на Бога. Тие Му се толку важни, што кога се пронајдени, па макар да се работи само за една личност, цело небо се радува и подготвува гозба! Поголема радост настанува поради еден грешник кој доаѓа кај Исуса отколку поради деведесет и деветте луѓе кои се наоѓаат тука каде што треба да бидат, со Бога. Ако загубените му се толку важни на Бога, зар не би требало и нам да ни бидат толку важни? Зар не би требало да бидеме подготвени да се откажеме од сè за да ги бараме загубените? Мојот одговор е „да“, а се надевам дека и вие така ќе одговорите. Што е потребно за да ги пронајдеме загубените? Од овој библиски текст научивме најмалку три работи.

1. Прва работа која ни е потребна за пронаоѓање на загубените е **сочувството.**

2. Втора работа која ни е потребна за пронаоѓање на загубените е **трудот.**

3. Трета работа која ни е потребна за пронаоѓање на загубените е **истрајноста.**

*Сабота, 2 мај 2026*

## КАКО ДА БИДЕТЕ МИСИОНЕР, А ДА НЕ ГО НАПУШТИТЕ ГРАДОТ?

**Дела 28,17-31:** „А по три дни, Павле ги повика јудејските првенци и кога се собраа, им рече: Мажи, браќа, иако не направив ништо против својот народ ни против татковските обичаи, мене сепак во Ерусалим ме предадоа окован во рацете на Римјаните, кои кога ме испитаа, сакаа да ме пуштат, зашто во мене немаше никаква вина, што би заслужувала смрт. Но, бидејки Јудејците му се спротивија на тоа, бев принуден да се повикам на ќесарот, но не дека имав нешто за да го обви-

нам својот народ. Ете, затоа ве замолив да дојдете, да ве видам и да ви позборувам, зашто заради Израелевата надеж сум окован во овие вериги. А тие му рекоа: Ние не примивме никакво писмо за тебе од Јудеја ниту ни дојде некој од браќата да нè извести или да рече нешто лошо за тебе. Но сакаме да чуеме од тебе што мислиш, зашто ни е познато дека насекаде зборуваат против оваа ерес. И така му определија еден ден и дојдоа при него мнозина од нив, во станот. И од утро до вечер, тој им излагаше за Божјото царство со докази и ги уверуваше за Исуса и од Мојсеевиот закон и од пророците. И едни поверуваа во тоа што го зборуваше, а другите не веруваа. Бидејки беа несложни меѓу себе, почнаа да се разотидуваат, откако Павле им рече уште еден збор: Добро им кажа Светиот Дух на вашите татковци, преку пророкот Исаија, велејки: Оди при овој народ и кажи му: ќе слушате и не ќе разбирате; ќе гледате и нема да видите; Зашто закораве срцето на овој народ и со ушите тешко слушаат; а своите очи ги затворија, за да не гледаат со очите и да не слушаат со ушите; и да не разбираат со срцето; и да не се обратат и да не ги исцелам. Затоа, да знаете дека ова Божјо спасение им е испратено на народите, и тие ќе го чујат! Кога го рече тоа, Јудејците си отидоа, препирајќи се многу меѓу себе. А тој остана цели две години во својот стан, под наем, и ги примаше сите, кои му доаѓаа; И проповедајќи го Божјето царство и учејќи за Господа Исуса Христа наполно слободно и без пречка.“

Читав за животот на Мирта Хауел. Таа била посветена христијанка, но живеела тежок живот. Нејзиното семејство било многу сиромашно. Кога имала десет години, го напуштила училиштето и се вработила во една топилница за десет центи дневно. Се омажила кога имала седумнаесет години, но во почетокот на 1940. година нејзиниот сопруг настрадал во една несреќа. Кога се случило тоа, го изгубила и својот дом. Морала повторно да работи за да ги издржува своите три деца.

По многу години, нејзиното загрозено здравје ја принудило да се пресели во еден стар, разрушен старски дом. Неколку седмици подоцна умрел и нејзиниот најмлад син. Тогаш паднала во депресија и рекла: „ Господи што уште можам да направам за тебе? Изгубив сè што некогаш ми значеше. Сега сум заробена во оваа мрачна, изронета соба. Немам за што да живеам! Сакам да умрам! Доста ми е оваа темнина. Однеси ме дома“.

Бог ѝ се обратил што е можно појасно и ѝ рекол: „Уште не сум за-

вршил со тебе Мирта. Напиши писмо до затворениците.

Така таа напишала едно писмо и го испратила во затворот во Атланта. Во писмото пишувало, „Драг затворенику. Јас сум една баба која те сака и која се грижи за тебе. Подготвена сум да ти бидам пријателка. Ако сакаш да се допишуваме, пиши ми. Ќе одговорам на секое твое писмо. Христијанска пријателка, баба Хауел.“

Писмото било дадено на затворскиот капетан. Тој ѝ испратил имиња на осум затвореници со кои би можела да се допишува. Здружението на затвореници ѝ дало уште имиња. Наскоро се допишувала со 40 затвореници дневно. Така се создала служба од една жена која допирала во затворите насекаде во Америка.

Таа рекла: „Мислев дека мојот живот е уништен, но овие неколку изминати години беа најдобри во мојот живот! Му се заблагодарувам на здружението на затвореници. Но најмногу му се заблагодарувам на Исуса!“

Мирта Хауел станала голем мисионер за Бога. И тоа од една единствена соба. Не е важно каде живеете или каква е вашата ситуација. Бог може да направи убави работи преку вашиот живот. Сè додека вашето срце чука за Исус, Исус Христос не завршил со вас. Тоа апостол Павле го запишал во Дела на апостолите во 28. глава. Во тој момент тој се наоѓал во куќен притвор поради дело што не го направил. Очекувал судење пред злобниот император Нерон. Изгледало дека неговиот живот е завршен.

Павле можел да се предаде и да каже: „Господе, зашто ми го направи ова? Веќе петпати Евреите ме тепаа. Бев каменуван. Доживеав бродолом. Бев во опасност секој ден во својот живот. А сега се наоѓам во затвор за нешто што не сум го направил! Доста ми е од ова! Ова е последната капка! Ако христијанскиот живот е ваков, тогаш се откажувам.“

Но Павле не рекол така. Наместо тоа, тој рекол: „Господе доволна ми е Твојата благодат. Сè можам преку Исуса Христа. Ќе ја искористам оваа ситуација. Ќе донесам што е можно повеќе луѓе кај Тебе“.

Павле бил голем мисионер, бидејќи бил подготвен тоа да биде секој ден во својот живот. Без разлика каде се наоѓал или низ што минувал. Всушност, секој што ќе го прифати Исуса за свој Господ и Спасител, ја прифаќа мисионската одговорност. Како знаеме за тоа? Во Дела на апостолите 1,8. пишува дека ќе бидеме Исусови сведоци сè до крајот на све-

тот!

Секој христијанин во оваа просторија е живо сведоштво на тоа што Бог прави во неговиот живот. Пред неколку месеци слушнав за еден човек кој припаѓал во една мотоциклистичка банда и чиј живот Исус го променил. Тој рекол: „Пред да се обратам, бев опасен човек. Имав оружје кое секогаш беше наполнето. Знаев како да го користам. Како верник во Исуса Христа, јас и понатаму сум опасен човек. Сега имам свое оружје со себе. Наполнето е. И знам како да го користам." Потоа посегнал во својата кожна јакна и ја извлекол Библијата. Рекол: „Ова оружје е по мој избор! Исус Христос го промени мојот живот!"

Овој човек е сведок, но не за криминал, туку за Божјата сила која делува во неговиот живот. И вие сте сведоци за Божјата милост и сила. Не треба да се плашите да зборувате за тоа.

Некои од вас можеби мислат: „Јас и понатаму чекам да ја откријам Божјата волја за мојот живот. Кога Тој само би ми кажал! Во некој сон, или во визија, или во момент на вдахновение."

Еве го моментот на вдахновение. Божјата волја за вашиот живот е запишана во Дела 1. глава! Бидете сведок за Исус Христос каде и да се наоѓате, што и да правите!

Постојат три работи кои треба да ги правите ако навистина сакате да бидете мисионер за Бога.

**Број еден:** Бидете на располагање! Во Дела 28, Павле ги повикува еврејските водачи и им вели: „Слушајте, сакам да знаете дека сум ви на располагање. Јас сум христијанин. Можам многу повеќе да зборувам за тоа, кога вам ќе ви биде згодно."

Треба да кажеме: „Господе, јас Ти стојам на располагање. Употреби ме како што сакаш. Ќе одам каде што сакаш да одам. Ќе го направам она што го бараш од мене."

Треба да бидеме на располагање, но исто така треба да бидеме и гостопримливи. Во Дела 28,30 пишува дека Павле ги примал сите кои му доаѓале. Немал предрасуди кон која било раса или религија. Ги примал сите!

Не постои причина за да не бидеме гостопримливи во својот дом. Не морате да бидете ракоположени за да покажете пример на христијанска љубов. Можете да ја проучувате Библијата и да се почестите со чај и колачи. Потоа заедно можете да погледате некоја емисија.

1.Солуњаните 2,8 вели: „Така, поради вас бевме подготвени да ви го дадеме не само Божјето евангелие, туку и своите души, бидејќи ве засакавме.“ Човечките животи ретко се менуваат поради една проповед. Но често се менуваат под влијание на христијаните кои живеат според вистината од таа порака, секој ден во својот живот. Имате можност да станете таков сосед! И да станете голем мисионер за Бога.

*Бидете на располагање! Бидете гостопримливи!* Најпосле, однесувајте се библиски. Во Дела 28,23 пишува дека од утро до вечер Павле се обидувал да ги убеди за Исус.

Добро е да бидеме љубезни, гостопримливи и сочувствителни. Но истовремено морате нешто да кажете. Исусовото име мора да се спомне во тој разговор.

Ако сакате ова да го правите, тогаш ваша прва молитва кон Бога треба да биде: „Господе, сакам да бидам на располагање. Да бидам гостопримлив и да се однесувам библиски. Помогни ми да ја проповедам радосната вест со својот живот кој е насочен кон Христа. Ти сè уште не си завршил со мене. Сакам да ме направиш мисионер на Својата љубов, токму овде каде што живеам.“

*Сабота, 6 јуни 2026*

## УСПЕШЕН ЕВАНГЕЛИЗАМ

**Дела 15,36-16,5:** „По неколку дена Павле му рече на Варнава: Да се вратиме пак и да ги посетиме браќата по сите градови, каде што го проповедавме Господовото слово, за да видиме како се! А Варнава сакаше да го поведат со себе и Јован, наречен Марко. Павле, пак, сметаше дека не треба да го водат оној, кој се одделил од нив во Памифилија и не беше пошол со нив во делото. И дојде до жестока расправија меѓу нив двајцата, така што се разделија еден од друг. Варнава го зеде со себе Марко и отплови за Кипар. Павле го избра Сила и тргна, предаден од браќата на Господовата благодат. И поминуваше низ Сирија и Киликија и ги утврдуваше црквите. И така пристигна во Дервија и Листра. И ете, таму беше еден ученик по име Тимотеј, син на Јудејка, која веруваше, и на татко Грк. Браќата во Листра и Иконија сведочеа добро за него.  Павле посака да го поведе со себе; го зеде и го обрезаа

заради Јудејците, кои беа по оние места: зашто сите знаеја дека татко му е Грк. И додека одеа по градовите, им ги предаваа одредбите што беа определени од апостолите и старешините во Ерусалим, за да ги пазат. А црквите така се утврдуваа во верата и секој ден нивниот број постојано растеше.“

Познавате ли некои луѓе кои не можат мирно да седат? Тие секогаш мораат нешто да работат. Дури и кога седат, моторот им работи (им трепераат нозете).

Апостол Павле бил таков и секогаш морал да проповеда или да поучува или да посетува. Тој би можел мирно да се смести во големата црква во Антиохија, но не го направил тоа… не, сѐ додека постојат уште луѓе до кои треба да се допре, него го „чешале стапалата.“

Тој не ја набљудувал црквата како паркиралиште, туку како станица за лансирање!

Ова е почеток на Павловото второ мисионерско патување и ќе видиме нешто од суштината на успешниот евангелизам.

**1. Правилна ревност**

Со современ денешен речник за ревност би рекле: страст. Некои луѓе едноставно имаат страст… некои имаат страст кон парите, други кон славата. Павловата страст била пронаоѓање на загубените.

1. Коринќаните 9:16: „Зашто ако го проповедам евангелието, немам за што да се фалам, зашто тоа мие должност. И Тешко мене ако не го пропведам евангелието!“

Тој вели: „Не ме тапкајте по грбот затоа што сведочам и проповедам и објавувам - Морам тоа да го правам тоа ми е во коските!“

Сведочењето не е можност, пронаоѓањето на загубените не е предлог. За Павле тоа била заповед! Тој имал голема страст кон тоа.

Поприкладен збор за тоа би бил ентузијазам, воодушевување, кој потекнува од два грчки зборови: ен и теос, што значи - во Бога! Не можеме да згрешиме ако имаме ентузијазам, бидејќи љубовта во Бога е таа што нѐ гони. Таа нѐ води да работиме и тоа да го работиме сѐ подобро.

Колошаните 3,23: „Што и да правите, правете го од срце како за Господа, а не како за луѓето.“ Никогаш не можете да бидете премногу воодушевени.

**Илустрација:** Еден човек можеби имал премногу ентузијазам. Тој отворил продавница за риба на свеж воздух во Њу Јорк. Еден ден имал посебно добра продажба и ги продал речиси сите риби. Всушност, му останала само уште една мала риба во бурето. Ја затворил својата продавница, а тогаш дошла една жена и му рекла: „Би сакала да купам една голема риба за да ја подготвам на мојот сопруг за вечера." Тој погледнал во своето буре, во таа мала риба. Ја извадил и ја ставил на тезгата. „Дали оваа ви одговара?" „Премногу е мала," рекла. „Имате ли друга?" Тој ја зел рибата, ја ставил во бурето и повторно ја извадил, со истото прашање. „Сѐ уште е премногу мала," рекла. Се обидувал и по трет пат и воодушевено рекол: „Како ви изгледа оваа, само погледнете ја!" Таа одговорила: „Па сите се мали… Мислам дека ќе ги земам сите три!"

Но во духовна смисла, не можеме да бидеме премногу воодушевени. Спротивно на духовната воодушевеност е *духовниот сон.*

Римјаните 13,11: „Знаејќи го ова време дека веќе дошол часот да се разбудите од сонот; зашто сега ни е поблизу спасението отколку кога поверувавме."

Овде Павле зборува за духовниот сон и во право е… црквата спие во просторија полна со бучни луѓе. Поголем број на луѓе од нашето место не го познаваат Христа како Спасител, но минуваме покрај нив во продавниците, на работа, на улица и „одиме во сон!" Шест милијарди луѓе живеат на оваа планета, но повеќето од нив се духовно мртви. Потребно ни е да бидеме луѓе кои се духовно живи, но ние сме некако опиени, како да се сопнуваме во духовноста. Повремено случајно наидуваме на некој грешник и понекогаш некој и ќе се спаси. Но време е да се разбудиме! Замислете само што би можеле да направиме со повеќе ентузијазам! Живи! Подготвени! Будни! Воодушевени!

Еве некои претходници од Библијата:

**Јона** - тој бил добар сонувач. Спиел со безгрижен сон. Бог му рекол да им проповеда на злите луѓе во Ниневија, но тој отишол во спротивен правец. Се качил на брод и безгрижно заспал. Не се работело за тоа дека нему не му било грижа за тие луѓе - сакал Бог да ги казни! Можеме да се налутиме поради она што Јона го направил, но што е со нас? Дали ние спиеме со безгрижен сон? Кога разговараме со своите комшии за било што освен за евангелието, зар тоа не е безгрижен

сон? Дали се грижиме за тоа? Кога би виделе дека ни гори куќата, сигурно би побрзале да земеме црево или кофа, или би го грабнале телефонот, зар не?

**Илустрација -** Една група војници заминала во речиси безнадежна битка на голем брод, се собрале околку својот капетан и го прашале дали верува во буквален пекол. Тој бил либерален и не верувал потолно во Библијата. Одговорил: „Не, воопшто не верувам во тоа… охрабрете се и не грижете се…“ Потоа побарале од него да поднесе оставка, зборувајќи, „Ако нема пекол, тогаш ти не си ни потребен. А ако постои пекол, не сакаме да бидеме наведени на погрешен пат!“

Дали навистина веруваме во Бога? Дали веруваме дека Библијата е вистина и ништо друго освен вистина! Или ѝ пристапуваме како да сме во ресторан - го бираме она што ни е највкусно?

Еве уште еден библиски пример за духовниот сон:

*Петар, Јаков и Јован во Гетсиманската градина - спиеле неподготвени. Исус водел најтешка духовна борба во својот живот. Соочувањето со сатаната пред три години во пустината не било ништо во споредба со ова! Исус знаел дека за само неколку часа го очекува крстот, каде што Тој ќе стане грев за да ги спаси луѓето. Бил во искушение да не помине низ тоа и барал од своите тројца најдоверливи ученици да појдат со него и да се молат. Им рекол на своите најблиски пријатели: „Не можам да објаснам како се чувствувам или што ме очекува, бидејќи никогаш не можете да ја разберете болката во мојата душа… Само знам дека ми е потребно да појдете со мене и да се молите со мене.“ Каква можност! Таква можност се пружа еднаш во животот - да се молат со Божјиот Син во моментот на Неговата најголема потреба! Но што направиле тие? Заспале. Се однесувале како да немаат поим што се случува. Се чини дека не го почувствувале фактот дека она што ќе се случи засекогаш ќе им ја промени историјата. Заспале… тоа бил сон на неподготвени луѓе. Три години го следеле Исуса. Сè водело до овој момент и сега имале можност да учествуваат во тоа, а одлучиле да спијат! Повторно, би можеле да се налутиме кога слушаме за ова, но како е со нас? И ние имаме прилики, но не ги користиме бидејќи не се чувствуваме подготвено. Но се работи за вечноста! Не смееме да бидеме неподготвени! Учителите во саботната школа, водачите на младите и оние кои работат со децата донесуваат одлука само за да можат да се провлечат… да се прават дека работат. Тоа е сон на неподготве-

ни! На пејачите им е потребна подготовка, но ние се наоѓаме на сцената на животот, а христијаните спијат и не се подготвени! Верувам дека Божјето дело е најважната работа на светот и мораме да бидеме подготвени.

*Самсон - каде заспал тој? Во скутот на Далила! Тој спиел со сон на невнимателните луѓе. Кога еднаш го открил изворот на својата сила, ја загубил својата моќ, но тоа не го знаел. Филистејците го нападнале во текот на дремењето и тој скокнал, очекувајќи да ги види како бегаат, но Библијата вели дека Господовиот Дух го напуштил. Бил премногу самоуверен во себе… и му било премногу удобно! Ниту една црква, ниту еден пастор не смеат да помислат дека „Ние дури и не мораме да се молиме - Бог секако нè благословува. Не мораме да ги посетуваме или повикуваме луѓето - тие сами влегуваат низ вратата! Имаме многу пари во банка - не мораме да зависиме толку од Бога." Никој не би кажал гласно вакво нешто, но често така се однесуваме!

**Илустрација:** Пред Титаник да удри во ледената санта мраз, примил 5 телеграфски предупредувања за ледените брегови и сите биле занемарени. Екипажот и капетанот станале премногу сигурни во фамата која го опкружувала овој нов брод. Пред да исплови, луѓето зборувале: „Дури ниту Бог не може да го потопи овој брод!" Само 35 минути по последното предупредување тие тонеле, а историјата бележи дека екипажот бил „криминално самозадоволен."

Првата суштина која е потребна за успешен евангелизам е ентузијазмот и потребно е да бидеме свесни за потребите во овој момент!

**2. Правилен приоритет**

Апостол Павле имал правилен приоритет. Тој знаел дека е најважно она што е главно да го задржи на прво место. Ние во црква толку често испаѓаме од шините! Главно е освојувањето на душите, спречувањето на луѓето да пропаднат. Сè останато е секундарно во однос на таа цел.

Павле никогаш не заборавил дека Христос се родил да умре, повторно да воскресне, да го спаси она што е загубено. Тој дошол не за да Му служат, туку за да служи и да го даде својот живот поради својот приоритет.

**Современа парабола:** Еднаш постоела заедница на луѓе која живеела по должината на опасниот карпест морски брег на кој често се

случувале бродоломи, па поради тоа организирале операција спасување. Тие одлучиле да направат нешто за сите тие луѓе кои страдале во бродоломите покрај нивниот град. Така била изградена една мала станица за спасување, а посветени членови на екипите за спасување постојано го набљудувале морето, подготвени да ги насочат своите мали чамци и да ги бараат преживеаните во случај на бродолом. Поради тоа градот станал познат по многу животи кои биле спасени од овие луѓе. Сѐ повеќе и повеќе луѓе им се придружувале на екипите за спасување и наскоро им била потребна нова зграда. Таа била многу поголема од првата зграда и прекрасно декорирана и опремена. Но додавани биле сѐ повеќе и повеќе работи поради задоволство и удобност на членовите, па зградата постепено се променила во некој вид клуб. Некои членови почнале да губат интерес за операцијата на спасување. Но тогаш се случил бродолом и многумина преживеани биле спасени и одведени во станицата за да примат прва помош. Во текот на овој период од неколку дена, забрзаните активности направиле елегантната станица значајно да се извалка со дамки од крв и мирис на море. На следниот состанок настанал раскол меѓу членовите. Повеќето членови мислеле дека операцијата на спасување е пречка за нивниот друштвен живот. На оние кои не се согласувале им било кажано дека можат да поттикнат друга операција. Како минувале годините, историјата продолжувала да се повторува и денес, тој морски брег е преполн со ексклузивни клубови покрај брегот, но никој не се грижи за акцијата спасување.

Знаете, во овој град речиси на секој агол постои црква, но толку е лесно да се изгубат приоритетите, па дури ниту ние не сме имуни на тоа.

Чарлс Спурџон рекол: „Ако грешниците мораат да бидат осудени, тогаш барем нека прескокнат во пеколот преку нашите тела. А ако мораат да пропаднат, нека пропаднат со нашите раце околу нивните колена, кои ги повикуваат да останат. Ако пеколот мора да се наполни, никој нека не оди во него, а да не биде предупреден и за него да не се упатени молитви.“

**3. Правилна презентација**

Дела 16,4.5. „И кога минуваа низ градовите, ги учеа да ги држат уредбите кои ги уредија апостолите и старешините во Ерусалим. А црквите се утврдуваа во верата и секој ден ги имаше сѐ повеќе.“

Мора да имате страст, мора да имате приоритет, но најмногу од сè, морате да имате вистинска поука. Треба да ни биде срам што некои култови имаат повеќе страст и приротети од нас а изнесуваат толку срамна порака!

Правилната порака е спасение преку благодатта, со вера, само преку Исуса Христа, ништо повеќе и ништо помалку (15,11).

Тоа е правата порака и кога ќе ја изнесете со љубов, луѓето ќе се спасуваат.

Псалм 125,5.6. вели: „Кои сееја со солзи, ќе жнејат со песна. Иде и плаче оној кој го носи семето да сее; ќе оди со песна, носејќи ги своите снопови.“

**Илустрација:** Фени Крозби, позната слепа поетеса која напишала толку многу песни кои се омилени во христијанските цркви, во своите подоцнежни години посетила една мисија на спасување во Њујорк. Застанала пред мноштвото бездомници, зависници од дрога и алкохоличари. Рекла: „Постои ли овде некое момче кое нема мајка?“ Едно момче срамежливо ја подигнало раката. Објаснило дека мајката умрела додека уште бил многу млад. Таа го повикала да дојде напред. Силно го прегрнала и го бакнала во образот. Тоа толку ја трогнало, така што подоцна отишла дома и ги напишала зборовите кои подоцна биле претворени во песна: „Спасете ги оние кои пропаѓаат, погрижете се за оние кои умираат, плачете над оние кои грешат, подигнете ги паднатите, кажете им за Исусовата моќ да ги спаси.“

Многу години подоцна, познатиот христијански пејач Ајра Сенки пеел пред Д.Л. Мудием во Сент Луис. Но пред да ја отпее оваа песна, раскажал настан поврзан со тоа. Кога завршил, еден средовечен човек извикал: „Тоа бев јас! Јас сум момчето за кое пишуваше. Мене ме бакна. Никогаш не можев да го заборавам тој момент.“ Опишал како поради тоа станал христијанин и го средил својот живот.

Кога ќе ја земеме вистинската поука и ќе ја изнесеме со љубов, луѓето ќе се спасуваат. Мораме да имаме вистинска воодушевеност - време е да се разбудиме. Мораме да имаме правилен приоритет - мораме. првите работи да ги ставиме на прво место. Мораме да имаме правилна презентација, вистинска порака.

**Градиво за саботна школа 2/2026**

**МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
*Одделение за саботна школа*
*Христијанска адвентистичка*
*црква во Р. Македонија*

**Подготвил:**
*Мелита Томовска*

**Одговара:**
*Илија Киров*

**За интерна употреба**